Врз основа на член 4 став 3 од Законот за катастар на недвижности (Службен весник на Република Македонија бр. 40/2008), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности на седницата одржана на 17.12.2008 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ЗА 2009 ГОДИНА

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Активностите на Агенцијата за катастар на недвижности ќе бидат во насока на реализација на следниве приоритетни цели: 100 % востановен катастар на недвижности до крајот на 2009 година на цела територија на Република Македонија, воспоставување на активна ГНСС мрежа на цела територија на Република Македонија и воспоставување на е-катастар на цела територија на Република Македонија.

Предметот, видовите, обемот на работа и начинот на спроведување на оваа програма се со цел да Агенцијата за катастар на недвижности го комплетира, развие и одржува Катастарот на недвижностите, да ги развие Глобалниот позиционен систем (ГПС) и гравиметриската мрежа и да ги одржува геодетските мрежи, да се врши изготвување и ажурирање на картографските производи како основа за развојот на државна геопросторна база на податоци, да ги имплементира современите меѓународни искуства и современата информациска и комуникациска технологија и да обезбеди усогласување на геопросторните податоци со меѓународните стандарди.

## 1. РЕФОРМА НА КАТАСТАР И РЕГИСТРАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТИ (ПРОГРАМА Л1)

Целта на оваа програма чија реализација започна во 2005 година и ќе трае до крај на 2009 година е изградба на ефикасен и ефективен катастар на недвижности и систем за запишување на права (регистрација) во Република Македонија, што ќе придонесе за создавање и развој на ефикасни пазари за земјиште и недвижности.

Во рамките на Активностите од оваа програма до крајот на 2009 година се планира:

Комплетирање на катастарот на недвижности и запишување на права на сите урбани и полу-урбани средини на земјата, институционален развој и подобрување на процесите и процедурите на запишување на сопственоста во сите локални и регионални канцеларии преку реорганизација на шалтерските служби, развивање на земјишна политика и политика за востановување на КН со изготвување на студии за земјишна политика и пристап до земјиште на инвестиции, основно картирање, повторен катастарски премер (реамбулација), систематско излагање и запишување на права на недвижност.

Проектот со комлетирање на катастарот на недвижен имот и изградба на институционален капацитет за поддршка на трансфер на сопственост на земјиште, ќе ја подобри сигурноста на сопственичките права и перформансите на пазарот на сопственост, ќе ги поттикне приватните инвестиции и ќе создаде работни места, ќе ги подобри услужните стандарди и ќе го намали времето потребно за запишување на трансакции со имот од повеќе недели на еден ден.

Во рамките на проектот Л*1*-Реформа на катастар и регистрација на недвижности предвидени се следните активности на 2009 година:

I. **Компонента во која е предвидено:** востановување на катастар на недвижности кое ќе се реализира преку реамбулација, систематско излагање и конверзија.

A. *Реамбулација ќе се врши на 12 катастарски општини (КО):*

Порој; Џепчиште; Мала Речица; Чајле; Дебреште; Волково; Синѓелиќ; Шуто Оризари; Радишани; Инџиково и Баница.

B. *Систематско излагање и конверзија ќе се врши:*

**Центар за катастар на недвижности Скопје**

- Конверзија на 14 КО кои претставуваат 0.3 % од територијата на Р.М
- Систематско запишување на 30 КО кои претставуваат 0.6 % од Р.М

**Сектор за катастар на недвижности на Република Македонија А**

- Конверзија на 61 КО кои претставуваат 2,0 % од територијата на Р.М
- Систематско запишување на 106 КО кои претставуваат 5,1 % од Р.М

**Сектор за катастар на недвижности на Република Македонија Б**

- Конверзија на 22 КО кои претставуваат 1,0 % од територијата на Р.М
- Систематско запишување на 110 КО кои претставуваат 7,0 % од Р.М

*Вкупно 16 % за 2009 година*

**II. Компонента во која е предвидено:**

*A. Изработка на Студија за развој на Македонска гравиметриска референтна основа;*

*B. Реновирање на подрачните одделенија за катастар на недвижности Велес и Гостивар.*

*C. Анкета за утврдување на задоволството од услугите на АКН кај крајните корисници*

*D. Медиумска кампања за промовирање на активностите на АКН*

*E. Институционално зајакнување на АКН*

**III. Компонента во која е предвидено:**

*A. Пилот проект-Студија за регистрација на градежно земјиште во државна сопственост ( Струмица )*

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:**

**Основен буџет ........................................................................ 49.800.000 ден**
**Заем од Светска Банка ........................................................ 150.350.000 ден**

## 2. ПРОГРАМА ЗА ПРЕМЕР И КАТАСТАР (ПРОГРАМА 20)

Во рамките на проектот за премер и катастар се предвидени следните активности:

**I. Одржување на Катастар на земјиште (КЗ) и Катастар на недвижности (КН)**
Одржување на Катастар на земјиште (КЗ) и Катастар на недвижности (КН) ќе се врши во 29 подрачни одделенија и во Центар за КН Скопје

**II.** Ќе се врши **Подготвување и контрола на податоци** во постапката на систематско запишување на правата на недвижности,

**III.** Ќе се врши **Контрола на дигитални катастарски планови** изработени од страна на приватни геодетски фирми од склучени договори,

**IV.** Ќе се врши **Подготвување на графички и алфанумерички податоци** од премерот и катастарот на недвижности по барање на државни органи и правни и физички лица.

**V.** **Воспоставување на регистер на просторни единици** ќе се врши со креирање на дигитална база на податоци на регистарот со Векторизација на статистички и пописни кругови.

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:**

**Основен буџет ......................................................................... 10.000.000 ден**
**Самофинансирачки активности ............................................ 148.550.000 ден**

## 3. НАЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИ ПОДАТОЦИ ( ПРОГРАМА 21)

**I.** **Дизајн и воспоставување на програмата за Националната инфраструктура за просторни податоци** ќе се врши преку изработка на студија за Националната инфраструктура за просторни податоци (НИПП) на Република Македонија

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:**

**Самофинансирачки активности ................................................ 3.100.000 ден**

## 4. ОСНОВНИ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ И КАРТОГРАФИЈА (ПРОГРАМА 22)

**I.** **Воспоставување на Активна референтна основа за Глобален Навигациски Сателитски Систем (ГНСС)** на целата територија на Република Македонија ќе се врши со воспоставување на Активна ГНСС мрежа преку инсталација на 7 нови ГНСС станици.

Ќе се врши тестирање на квалитетот на работење на тест ГНСС мрежата, ставање во функција на тест ГНСС мрежата, спроведување на кампања за промоција на ГНСС системот, изготвување на регулатива со која ќе се регулира начинот на користење на ГНСС системот.

**II.** **Пресметување на Активна ГНСС мрежа**

**III.** **Комплетирање на Пасивна ГНСС мрежа** – востановување на 50 точки

**IV.** **Пресметување на Пасивна ГНСС мрежа**

**V.** **Одржување на класични геодетски мрежи** – увид во состојбата за 300 точки

**VI.** **ГНСС одредување на градски тригонометриски мрежи** – ќе се врши за 130 точки

**VII.** **Востановување на Гравиметриски референтен систем – Апсолутна гравиметрија** ќе се врши преку поставување на 3 активни точки

**VIII.** **Изработка и репродукција на Основна државна карта** за Географски Информациски Систем (ГИС) на Република Македонија - Македонска

топографска карта 1:25 000 (МТК 25) ќе се врши со теренска II (втора) дешифрација на 20 листови, канцелариска и комплетна обработка (до печатење) на 20 листови од МТК 25.

**IX.** Ќе се врши **Одржување на "ГЛОБАЛ МАППИНГ" (GLOBAL MAPPING)-** дигитална карта на Република Македонија 1:1 000 000 (МТК 1 000)

**X.** Ќе се врши **Изработка на дигитални катастарски планови** со фотограметриска метода на 22 КО:

Попчево, Г. Оризари, Д. Оризари, М. Нагоричане, Џепчиште, Пороj, Црнилиште, Мустафино, Аргулица, Д. Балван, Карбинци, Дебреште, Костурино, Злеово, Покрајчево, Дукатино, Велес, Отовица, Дренок, Аљинце, Цвиланце и Бајловце.

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:**

**Основен буџет ........................................ 4.000.000 ден**
**Самофинансирачки активности ........................ 15.500.000 ден**
**СИДА Проект ........................................ 1.860.000 ден**

## 5. ГЕОДЕТСКО КАТАСТАРСКИ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ

Електронски е – катастар ќе се врши преку поврзување на Одделенијата за Катастар на недвижности низ Република Македонија преку интернет и ќе биде комплетно информатичко решение за запишување на правата на недвижностите, следење на работниот тек преку интернет и воспоставување електронска интеграција со нотарите како посредници меѓу приватниот сектор и катастарот.

Реализацијата на оваа развојна потпрограма ќе придонесе за добивање на современ електронски систем за регистрација на недвижностите во РМ и добивање на ажурна графичка дигитална катастарска подлога која ќе коренспондира со алфанумеричката база на податоци. Проширување на капацитетот на системот и датабазата и нејзино прилагодување ќе овозможи имплементација на системот за е-катастар низ сите подрачни одделенија за КН низ РМ.

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:**

**Основен буџет ........................................ 30.000.000 ден**
**Самофинансирачки активности ........................ 60.000.000 ден**
**СИДА проект (400.000 ЕУР) ........................ 24.600.000 ден**

## 6. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ (ПРОГРАМА К2)

Обука и едукација на вработените ќе се врши преку локални обуки и студиски патувања за соодветна примена на прописите за премер и Катастар на недвижности, обуки за Информациска Технологија и обуки за промоции на нови производи и услуги.

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:**
**Самофинансирачки активности ................................................... 350.000 ден**
**СИДА проект (150.000 ЕУР) ......................................................... 9.225.000 ден**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ,**

**Славче Трпески, с.р.**